

## НОВ ФИЛМ ОД ЛИЛА МИЦЕВСКА

Лила Мицевска е Австралијанка родена Македонка која живее и работи во Сиднеј Австралија.

Лила е динамична и сестрана филмска и театарска актерка, која неодамна глумеше во истакнати австралиски ТВ реклами, краткиот филм на Darkes Forest Blues, сценската продукција „Лисицата на Талвеј“ и македонскиот хит радио драмата „Boiling Point“. Лила студирала на Screenwise, AMAW и ATC.

Краткиот филм „Остатоци“ („Leftovers“) е режисерско деби на Лила,  во кое таа го покажа својот уникатен стил и уметнички израз кон драматичноста.

Подолу можете да погледнете повеќе проекти во кои глуми Лила и произведени од „Bear and the Owl Productions“.

Веб-страница:  [https://www.bearandtheowlproductions.com.au](https://www.bearandtheowlproductions.com.au)

Каналот на YouTube е:  [https://youtube.com/](https://youtube.com/) @bearandtheowlproductions

**Синопсис на филмот „Остатоци“(„Leftovers“):** Алекс ја очекува Сара во неговиот стан

на нивниот трет состанок, со големи надежи за вечер со „пица и помирување“. Режија: Лила Мицевска Сценарист: Лиз Василакос. Улоги Сара: Лиз Василакос, Алекс: Адријан Глен. Продукција: Адријан Глен, Ема Џонстон, Лила Мицевска, Лиз Василакос. Директор на фотографија: Ема Џонстон. Монтажа: Адријан Глен, Ема Џонстон, Лила Мицевска. Продукциски дизајнер: Адријан Глен Бум оператор: Џејмс Лауричела

Лила Мицевска може да се контактира на: lila.micevska@gmail.com